ООУ ПЕРЕ ТОШЕВ
19 45
РОСОМАН

# Годишен извештај

за работата на училиштето

2020/21

1. Бројна состојба на ученици во учебната 2020/21 година..........................................................2

2. Реализација на наставата и среден успех на крајот на учебната 2020/21 година..........3

2.1 *Анализа на училишен успех на учениците на крајот од учебната 2020/21 год*......4

2.2. *Поведение и изостаноци на учениците во учебната 2020/21година* ....................9

3. Учество на натпревари и постигнати резултати ........................................................10

4. Останати активности во училиштето.........................................................................13

4.1. *Извештај за текот на уписите во прво одделение*...............................................13

*4.2. Одбележување на значајни датуми и Денот на училиштето*.............................14

4.3. *Здравствена заштита на учениците*.......................................................................14

4.4. *Работа на стручните активи во училиштето*.......................................................14

4.5. *Реализирани екскурзии и излети*.........................................................................16

5. Извештаи од работата на директорот, стручните соработници и УО.........................19

*5.1. Извештај од работата на директорот на училиштето*.....................................17

*5.2. Извештај од работата на училишниот педагог*..................................................20

*5.3. Извештај од работата на училишниот психолог*................................................21

*5.4. Извештај од работата на Училишен одбор*.........................................................22

6. Прилози- Прегледи на реализирани часови и среден успех на наставникот во предметна настава.........................................................................................................26

7. Годишен статистички извештај

# Годишен извештај за работата на ООУ„Пере Тошев“ - Росоман во учебната 2020/21 година

Годишниот текстуален извештај за работата на ООУ „Пере Тошев“ од Росоман и подрачните училишта во Сирково, Трстеник, Манастирец и Паликура е направен врз основа на Годишната програма за работа на училиштето, статистичкиот извештај за крајот на учебната година и извештаите од одделенските раководители на секоја паралелка. Од извештаите се сумираше успехот по предмети за паралелката и општиот успех, реализацијата на часовите од задолжителната настава и изборните предмети, реализација на додатна и дополнителна настава и СУА. Покрај овие извори се користени и одделенските дневници за реализирани родителски средби, индивидуални разговори и изречени педагошки мерки, додека од дневникот за училишни натпревари се користени информации кои се однесуваат на учеството на училиштето на натпревари и постигнатите резултати.

Учебната 2020/21 година започна со задоцнување, на 01.10.2020 година. Одложениот старт беше резултат на епидемиолошката состојба во земјата и пандемијата со Ковид 19. Учениците наставата ја следеа во две категории: со физичко присуство учениците од I-III одделение во централното и подрачните училишта и ученици од IV – IX од подрачните училишта, или вкупно 140 ученици. Наставата се следеше по претходно изготвени протоколи од страна на МОН и Министерство за здравство.
Останататите ученици, од IV – IX од централното училиште во Росоман наставата ја следеа онлајн или со учење на далечина. Наставата се изведување на платформата Microsoft teams, за која од страна на МОН беа реализирани обуки и беа доставени сите неопходни податоци за кадарот и учениците.

Наставната година заврши во понеделник, 10.6.2021 година. Реализирани се вкупно 159 наставни денови.

## *1. Бројна состојба на ученици во учебната 2020/21 година*

Во Росоман од I до IX одделение запишани се 297 ученици, во Сирково од I до IX одделение – 35 ученици, во Трстеник 9, Манастирец 14, Паликура 4 ученици.

На ниво на училиште, на почетокот од учебната година регистрирани се 358 ученика, а на крајот на учебната година 359 ученика. Во текот на учебната година зашишан е еден ученик во прво одделение во ПУ Паликура.

Во текот на учебната 2019/20 година наставата во Росоман се изведуваше во 18 „чисти“ паралелки, од кои 9 од I до V одделение, а 9 од VI до IX одделение. Во Сирково наставата се изведуваше во 5 „чисти“ паралелки и 2 комбинирани, во Трстеник 2 комбинирани паралелки, во Манастирец 2 комбинирани паралелки и во Паликура 1 комбинирана паралелка.

Состојбата со бројот на учениците на крајот на учебната 2020/21 година според националниот состав е прикажана во Табела бр.1:

| одделение | вкупно | македонци | | срби | | роми | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 41 | 17 | 17 | 2 | 3 | 0 | 1 |
| II | 33 | 18 | 13 | / | / | 1 | 1 |
| III | 26 | 9 | 14 | 1 | 1 | 1 | / |
| IV | 37 | 19 | 17 | / | / | 1 | / |
| V | 47 | 22 | 22 | 2 | 1 | / | / |
| I-V | 184 | 85 | 83 | 5 | 5 | 3 | 2 |
| VI | 49 | 28 | 21 | / | / | / | / |
| VII | 36 | 17 | 19 | / | / | / | / |
| VIII | 33 | 18 | 12 | 1 | / | 1 | 1 |
| IX | 57 | 29 | 24 | 1 | 2 | 1 | / |
| VI-IX | 175 | 92 | 76 | 2 | 2 | 2 | 1 |
| I-IX | 359 | 177 | 159 | 7 | 7 | 5 | 3 |

### *2. Реализација на наставата и среден успех на крајот на учебната 2020/21 година*

Во текот на учебната 2020/21 година наставата се одвиваше без прекин и според планирањата на наставниците, како и според насоките и протоколите од МОН и Министерство за здравство. Поголем број од наставниците доставија годишни, глобални и тематски планирања на почетокот на годината, до 15.09.2020 год., а дел од наставниците доставуваат тематски планирања. Наставниците кои од оправдани причини (болест, посети на семинари и сл.) отсуствувале, изгубените часови дополнително ги одржаа до крајот на учебната година.

Детален преглед на реализираните часови од страна на секој наставник, како и средниот успех за наставниците од одделенска настава и реализацијата на ИКТ, вклученост во проекти и натпревари е даден во Прилог 1А, а за наставниците од предметна настава е даден во Прилог 1Б.

На ниво на училиште, состојбата со реализирана дополнителна, додатна настава и СУА по паралелки може да се види од Табела бр.2:

| Одд. | ***Росоман*** | | | Одд | ***Сирково*** | | | Одд | ***Трстеник*** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | додатна | дополн | СУА | | додатна | дополн | СУА | | додатна | дополн | СУА |
| IIа | 5 | 59 | 16 | II | 0 | 64 | 0 | | | | |
| II б | 14 | 50 | 16 | III | 2 | 70 | 28 | III | 0 | 64 | 8 |
| III а | 2 | 62 | 0 | IV | 20 | 50 | 28 | IV | 32 | 32 | 0 |
| IV а | 23 | 41 | 28 | V | 13 | 50 | 35 | V | 12 | 51 | 16 |
| IV б | 23 | 41 | 28 | VI | 37 | 33 | 32 | Одд | ***Манастирец*** | | |
| Vа | 23 | 49 | 31 | VII | 44 | 38 | 0 | | додатна | дополн | СУА |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Vб | 28 | 39 | 33 | VIII | 18 | 46 | 28 | | | | |
| VI а | 30 | 25 | 0 | IX | 46 | 27 | 0 | II | 0 | 64 | 16 |
| VI б | 25 | 28 | 0 | Одд | ***Паликура*** | | | IV | 13 | 49 | 8 |
| VIIа | 27 | 21 | 0 | | додатна | дополн | СУА | V | 3 | 63 | 16 |
| VIIб | 22 | 22 | 32 | III | 2 | 62 | 0 | | | | |
| VIIIа | 21 | 30 | 0 | IV | 9 | 55 | 1 | | | | |
| VIIIб | 6 | 19 | 0 | V | 8 | 56 | 0 | | | | |
| IX а | 19 | 16 | 0 | | | | | | | | |
| IX б | 23 | 10 | 0 | | | | | | | | |
| IX в | 18 | 16 | 0 | | | | | | | | |

Во сите одделенија од второ до осмо одделение часот на одделенската заедница се реализира според прирачникот Образование за животни вештини. За часот на одделенската заедница сите наставници на почетокот на учебната година доставија годишни распределенија.

### *2.1 Анализа на училишен успех на учениците на крајот од учебната 2020/21 година*

Успехот и напредокот на учениците се следи во текот на целата учебна година од страна на секој одделенски раководител. Во текот на учебната година се одржаа 4 одделенски совети на кои беше разгледуван успехот, а беше потврден на наставнички совет. На крајот на учебната година, од вкупно 359 ученици, описно беа оценети 100 а бројчано беа оценети 259 ученици. Успехот на учениците и сведителствата на учениците од завршното IX одделение им беа доделени на 12.06.2021 година, додека за учениците од прво до осмо одделение, според препораките од МОН сведителствата ќе им бидат поделени на 1.9.2021 год.

#### *Прв период*

Учениците од прво, второ и трето одделение кои се описно оценето се категоризираат во четири категории, и тоа: ученици кои работат самостојно, со поттик, со помош и со потешкотии. Табеларно, успехот на учениците од првиот период, е прикажан во продолжение:

Табела бр. 3.1 – Приказ на постигањата на учениците од прво одделение:

| **ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ученикот работи: | предмети | | | | | | | |
| | *Македонски јазик* | *Матема-тика* | *Англиски јазик* | *Ликовно образ.* | *Музичко образ.* | *Природни науки* | *Опитес-тво* | *Физ. и здр. обр* |
| **самостојно** | 17 | 22 | 15 | 27 | 26 | 25 | 28 | 38 |
| **со поттик** | 13 | 8 | 12 | 9 | 10 | 9 | 8 | 3 |
| **со помош** | 5 | 4 | 10 | 5 | 5 | 3 | 1 | 0 |
| **со потешкотии** | 6 | 7 | 4 | 0 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| **Вкупно** | 41 | 41 | 41 | 41 | 41 | 41 | 41 | 41 |

Табела бр. 3.2 – Приказ на постигањата на учениците од второ одделение:

| ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ученикот работи: | предмети | | | | | | | |
| | *Македонски јазик* | *Матема-тика* | *Англиски јазик* | *Ликовно образ.* | *Музичко образ.* | *Природни науки* | *Општес-тво* | *Физ. и здрав. образование* |
| **самостојно** | 11 | 8 | 12 | 18 | 20 | 9 | 18 | 28 |
| **со поттик** | 12 | 9 | 10 | 11 | 11 | 16 | 8 | 4 |
| **со помош** | 8 | 12 | 9 | 4 | 2 | 8 | 7 | 1 |
| **со потешкотии** | 2 | 4 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | 33 | 33 | 33 | 33 | 33 | 33 | 33 | 33 |

Табела бр. 3.3 – Приказ на постигањата на учениците од трето одделение:

| ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **предмети** | | | | | | | | | |
| ученикот работи: | *Македонски јазик* | *Матема-тика* | *Англиски јазик* | *Ликовно образ.* | *Музичко образ.* | *Природни науки* | *Општес-тво* | *Работа со компјут.* | *Физ. и здрав.о бр* |
| **самостојно** | 11 | 8 | 5 | 17 | 12 | 9 | 12 | 14 | 25 |
| **со поттик** | 8 | 8 | 3 | 5 | 9 | 10 | 5 | 7 | 0 |
| **со помош** | 5 | 7 | 15 | 3 | 4 | 4 | 6 | 4 | 0 |
| **со потешкотии** | 1 | 2 | 2 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 |

- ***Втор период***

Средниот успех на учениците, од одделенска настава кои бројчано се оценуваат по предмети е прикажан во Табелата 4:

| рб | Предмет | IV | V | просечна оцена |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски јазик | 4,14 | 3,84 | 3,99 |
| 2 | Математика | 4 | 3,72 | 3,86 |
| 3 | Англиски јазик | 3,95 | 3,88 | 3,91 |
| 4 | Ликовно образование | 4,72 | 4,36 | 4,54 |
| 5 | Музичко образование | 4,27 | 4,19 | 4,23 |
| 6 | Техничко образование | 4,43 | 4,72 | 4,57 |
| 7 | Општество | 4,13 | 3,31 | 3,72 |
| 8 | Природни науки | 4,23 | 4,33 | 4,28 |
| 9 | Физичко и здравствено воспитание | 4,81 | 4,99 | 4,90 |
| 10 | Работа со компјутери | 4,38 | 4,47 | 4,42 |
| 11 | творештво | 4,54 | 4,72 | 4,63 |
| | Среден успех | 4,33 | 4,25 | 4,29 |

Средниот успех по паралелки, спореден со средниот успех на полугодие е прикажан во табелата подолу:

| | одд. | полугодие | крај на учебната 2020/21 година | насока |
|---|---|---|---|---|
| **Росоман** | VII а | **3.82** | **4.07** | ↑ |
| | VII б | **3.90** | **4.04** | ↑ |
| | VIII а | **3.82** | **3.94** | ↑ |
| | VIII б | **3.68** | **3.83** | ↑ |
| | IX а | **3.81** | **4.18** | ↑ |
| | IX б | **4.11** | **4.25** | ↑ |
| | IX в | **3.72** | **4.11** | ↑ |
| **Сирково** | VII | **4.42** | **4.52** | ↑ |
| | VIII | **3.72** | **3.93** | ↑ |
| | IX | **4.48** | **4.85** | ↑ |

Од приказот погоре може да се забележи дека има зголемување на просечната оценка во споредба со полугодишната во сите паралелки.

***Трет период***

Средниот успех на учениците, од предметна настава кои бројчано се оценуваат по предмети е прикажан во табелата 5:

| рб | Предмет | IV | V | VI | VII | VIII | IX | просечна оцена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски јазик | 4,14 | 3,84 | 3,88 | 4,02 | 3,77 | 4,04 | 3,95 |
| 2 | Математика | 4 | 3,72 | 3,69 | 3,77 | 3,12 | 4,05 | 3,73 |
| 3 | Англиски јазик | 3,95 | 3,88 | 3,60 | 3,79 | 3,41 | 4,30 | 3,82 |
| 4 | Француски јазик | | | 3,71 | 4,00 | 3,61 | 4,17 | 3,87 |
| 5 | Ликовно образование | 4,72 | 4,36 | 4,41 | 4,27 | 4,08 | 4,56 | 4,40 |
| 6 | Музичко образование | 4,27 | 4,19 | 5,00 | 4,87 | 4,85 | 4,92 | 4,68 |
| 7 | Техничко образование | 4,43 | 4,72 | 4,70 | | | | 4,62 |
| 8 | Информатика | | | 3,90 | 3,88 | | | 3,89 |
| 9 | Општество | 4,13 | 3,31 | | | | | 3,72 |
| 10 | Географија | | | 4,09 | 3,94 | 3,89 | 4,46 | 4,10 |
| 11 | Историја | | | 3,94 | 4,00 | 3,91 | 4,24 | 4,02 |
| 12 | Етика | | | | 4,46 | | | 4,46 |
| 13 | Граѓанско образование | | | | | 4,25 | 4,38 | 4,32 |
| 14 | Природни науки | 4,23 | 4,33 | 4,11 | | | | 4,22 |
| 15 | Биологија | | | | 4,25 | 3,87 | 4,40 | 4,17 |
| 16 | Физика | | | | | 3,34 | 4,06 | 3,70 |
| 17 | Хемија | | | | | 3,68 | 4,18 | 3,93 |
| 18 | Физичко и здравствено воспитание | 4,81 | 4,99 | 4,80 | 4,77 | 4,83 | 4,86 | 4,84 |
| 19 | Иновации | | | | | | 4,23 | 4,23 |
| 20 | Работа со компјутери | 4,38 | 4,47 | | | | | 4,43 |
| 21 | творештво | 4,54 | 4,72 | | | | | 4,63 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 22 | Етика на религиите | | | 4,43 | | | | 4,43 |
| 23 | Вештини за живеење | | | | 4,69 | | | 4,69 |
| 24 | Проекти од информатика | | | | | 4,00 | | 4,00 |
| 25 | Програмирање | | | | | | 4,37 | 4,37 |
| | Среден успех | 4,33 | 4,25 | 4,18 | 4,21 | 3,90 | 4,35 | 4,21 |

Од табела бр.12 од статистичкиот извештај во прилог може да се види дека од вкупно 259 ученици кои се бројчано оценети, 135 се одлични, 61 се многу добри, 50 добри и 13 доволни.
За споредба, на крајот од учебната 2019/20 година, од вкупно 264 бројчано оценети ученици, 125 ученици беа одлични, 73 многу добри, 58 ученици добри и 8 ученици доволни. Споредени постигања на учениците од оваа учебна година со изминатите четири учебни години:




Општиот успех на крајот од учебната 2020/21 година по одделенија и на ниво на училиште споределен со успехот на полугодие, и минатите учебни години е прикажано во табела 7:

| Одд. | Полугодие 2017/18 | Полугодие 2018/19 | Полугодие 2019/20 | Полугодие 2020/21 | крај на учебна год. 2017/18 | крај на учебна год. 2018/19 | Крај на учебна 2019/20 | Крај на учебна 2020/21 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IV | 4,26 | 4,12 | Описно оценети | Описно оценети | 4,35 | 4,29 | 4,28 | 4.33 |
| V | 4,20 | 3,95 | | | 4,37 | 4,12 | 4,28 | 4.25 |
| VI | 3,89 | 3,59 | | | 4,09 | 3,87 | 4,06 | 4.18 |
| VII | 3,73 | 4,02 | 3,74 | 4.05 | 3,89 | 4,17 | 4,01 | 4.21 |
| VIII | 3,72 | 3,73 | 4,01 | 3.76 | 3,90 | 3,95 | 4,17 | 3.90 |
| IX | 3,67 | 3,74 | 3,93 | 4.07 | 3,99 | 4,13 | 4,38 | 4.35 |
| Просек | 3,91 | 3,87 | 3,92 | 3.96 | 4,09 | 4,10 | 4,20 | 4.21 |

**Средниот успех на ниво на училиште е 4.21, односно за 0.01 промил повисок од средниот успех на ниво на училиште на крајот на учебната 2019/20 година (4.20).**




Детално споредени по паралелки, успехот на учениците на крајот на оваа учебна година со изминатите две учебни години, изгледа вака:

| | одд. | Крај на учебна 2018/19 година | одд. | крај на учебната 2019/20 година | Одд. | крај на учебната 2020/21 година | насока |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Росоман** | II a | Описно оценети | IIIa | Описно оценети | **IV a** | **4,05** | / |
| | II б | Описно оценети | IIIб | Описно оценети | **IV б** | **4,01** | / |
| | IIIa | Описно оценети | IVa | **4,05** | **V a** | **4,37** | ↑ |
| | III б | Описно оценети | IV б | **4,40** | **V б** | **4,41** | ↑ |
| | IVa | **4,45** | Va | **4,49** | **VI a** | **4,18** | ↓ |
| | IVб | **4,39** | Vб | **4,48** | **VI б** | **4,24** | ↓ |
| | Va | **4,32** | VIa | **3,93** | **VII a** | **4,07** | ↑ |
| | Vб | **4,41** | VIб | **3,94** | **VII б** | **4,04** | ↑ |
| | VI a | **4,02** | VII a | **4,04** | **VIII a** | **3,94** | ↓ |
| | VI б | **3,76** | VII б | **3,90** | **VIII б** | **3,83** | ↓ |
| | VII a | **4,09** | VIIIa | **4,03** | **IX a** | **4,18** | ↑ |
| | VII б | **4,11** | VIIIб | **4,13** | **IX б** | **4,25** | ↑ |
| | VII в | **4,03** | VIIIв | **3,94** | **IX в** | **4,11** | ↑ |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сирково** | II | Описно оценети | III | Описно оценети | **IV** | **4,64** | / |
| | III | Описно оценети | IV | **4,27** | **V** | **4,01** | ↓ |
| | IV | **3,85** | V | **4,10** | **VI** | **4,10** | = |
| | V | **4,52** | VI | **4,33** | **VII** | **4,52** | ↑ |
| | VI | **3,85** | VII | **4,08** | **VIII** | **3,93** | ↓ |
| | VII | **4,44** | VIII | **4,55** | **IX** | **4,85** | ↑ |

Од табеларниот приказ може да се заклучи дека во учебната 2020/21 година, споредено со крајот на минатите учебни години, училишниот успех го подобриле сите ученици, освен учениците од VI а и VIб одд., VIIIа и VIIIб одд. и учениците од V и VIII одд. во ПУ Сирково. Кај учениците од VI одд. од ПУ Сирково просечниот успех е идентичен со минатогодишниот. Учениците од IV одд. не може да се споредуваат, затоа што во изминатите 3 години беа описно оценувани.

### *2.2. Поведение и изостаноци на учениците во учебната 2020/21 година*

Поведението кај учениците од ООУ „Пере Тошев“ – Росоман е примерно кај сите ученици на крајот од учебната 2020/21 година. Изречена е една усна опомена кај една ученичка во V одделение.

Споредба на поведението со изминатите учебни години не може да се направи годинава, заради сосема различните услови на изведување на наставата на учебната 2020/21 година, споредено со минатите учебни години.

Изостаноците на учениците од наставната се прикажани во следната табела:

| Наставен јазик | одд. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | се |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македон-ски јазик | Оправ-дани | 678 | 413 | 187 | 0 | 0 | 4 | 91 | 18 | 36 | 1427 |
| | Неоправ-дани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 |
| | Вкупно | 678 | 413 | 187 | 0 | 0 | 4 | 91 | 21 | 36 | 1430 |




### *3. Учество на натпревари и постигнати резултати*

Учениците од ООУ „Пере Тошев“ Росоман во учебната 2020/21 година, поточно во периодот до месец мај 2021 год., учествуваа на повеќе натпревари под менторство на своите наставници. Детален хронолошки преглед на учесници и постигнати резултати:

| датум | настан | забелешка | Ментор/и |
|---|---|---|---|
| 04.07.2020 | Регионален натпреавр по математика | Марија Димова (VIII) – пофалница<br>Ненад Ѓорѓиев (VI) – пофалница<br>Сања Димова (VI) – пофалница<br>Драган Лазов (VIII) – трето место<br>Синиша Милков (VIII) – второ место | Малинка Пеливанова |
| 26.08.2020 | Регионален натпревар по биологија одржан он-лајн | Славчо Димиртов – трето место | Јана Шепендиева |
| 27.08.2020 | Регионален натпревар по природни науки одржан он-лајн | Илија Димитров – второ место | Јана Шепендиева |
| 28.09.2020 | Државен онлајн натпревар по биологија | Славчо Димиртов VIII одд. - пофалница | Јана Шепендиева |
| 30.09.2020 | Државен онлајн натпревар по природни науки | Илија Димитров VI одд. – пофалница | Јана Шепендиева |
| 23.12.2020 | Ликовен конкурс по повод Денот на | Учествувале:<br>Ивона Димова | Ива Јосифова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | училиштето „Даме Груев” - Градско | Ивана Трпевска<br>Ангела Голубовиќ<br>Бојана Ангелова<br>Андријана Пенчева<br>Леонид Стојановски<br>Оља Димова<br>Стефанија Митрова<br>Христијан Гинов | |
| 20. 02.2021 | Општински натпревар по математика одржан онлајн | V одд:<br>Стојанче Делов (63/100) – трето место<br>Бошко Петровски (56/100) – пофалница<br>VI одд:<br>Леон Петров (62/100) – трето место<br>Марио Павлов – пофалница<br>Спасенија Димова (49/100) – пофалница<br>VII одд:<br>Мартина Саздова (62/100) – трето место<br>Мики Алексов (62/100) – трето место<br>Ненад Ѓорѓиев (62/100) – трето место<br>IX одд:<br>Марија Димова (80/100) – второ место<br>Бројан Бошевски (68/100) – трето место<br>Синиша Милков (56/100) – трето место | Малинка Пеливанова<br>Мануала Панарин |
| 13.03.2021 | Регионален натпревар по математика одржан онлајн | Стојанче Делов V одд. – трето место<br>Марија Димова IX одд. – учество | Жаклина В. Ѓорѓиева<br>Малинка Пеливанова |
| 20.03.2021 | Општински натпревар по | Македонка Јошевска | Сања Панарин |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | англиски јазик | VII одд. – 96 п. – прево место<br>Ангела Алексиќ IX одд. – 91 п. – второ место | Малонков |
| 10.04.2021 | Учество на Меѓународен литературен конкурс за епистоларен состав | Мартин Тодев VIIIа одд. – учество | Мирјана Јошева |
| 15.04.2021 | Општински натпревар по биологија | Мартина Саздова VII – пофалница<br>Илија Димитров VII одд. – пофалница<br>Лео Лазов VIII одд. – учество на регионален натпревар<br>Марија Димова IX одд. – пофалница<br>Славчо Димитров IX одд. - пофалница | Јана Шепендиева |
| 16.04.2021 | Општински натпревар по природни науки | Андреј Арсов IV одд. – пофалница и учество<br>Стојанче Делов V одд. – трета награда<br>Оља Димова VI одд. – трета награда<br>Влатко Миловановиќ V одд. – пофалница<br>Бошко Ѓуровски – IV<br>Тијана Цингарова-IV | Јана Шепендиева |
| 17.04.2021 | Регионален натпревар по англиски јазик | Македонка Јошевска VII одд.– трето место<br>Ангела Алексиќ IX одд. - второ место | Сања Панарин<br>Малинков |
| Мај 2021 | Учество на Државна изложба на детски ликовни творби „Илинденски Денови” 2021 год. | Мартин Стефанов - учество | Ива Јосифова |
| 05.05.2021 | Ликовен конкурс по повод „Денот на децата” Организатор: Јапонска амбасада | Учесници:<br>Спасенија Димова<br>Ивана Симоновиќ | Ива Јосифова |
| 07.05.2021 | Регионален натпревар по француски јазик - „Олимпијади 2021 год. “ | Марија Димова IX – прво место<br>Славчо Димитров IX | Силвија Трајкова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | одржан во Неготино | одд. – второ место<br>Александра Бошевска IX одд. – учество | |
| 08.05.2021 | Државен натпревар по англиски јазик | Македонка Јошевска VII одд.– учество<br>Ангела Алексиќ IX одд. - учество | Сања Панарин Малинков |
| 12.05.2021 | Регионален натпревар по биологија | Мартина Саздова VII – пофалница<br>Илија Димитров VII одд. – пофалница<br>Марија Димова IX одд. - пофалница | Јана Шепендиева |
| 14.05.2021 | Регионален натпревар по природни науки | Андреј Арсов IV одд. – пофалница<br>Стојанче Делов V одд. – пофалница<br>Оља Димова VI одд. – пофалница | Јана Шепендиева |
| 02.06.2021 | Државен натпревар по биологија во Скопје | Славчо Димитров IX одд. - пофалница | Јана Шепендиева |

## ***4. Други активности во училиштето***

### ***4.1. Извештај за текот на уписите во прво одделение***

Во месец јуни 2020 година во ООУ „Пере Тошев“ се спроведе упис на првачиња. Причина за ова беше актуелната здравствена состојба и насоките од МОН. Комисијата, во состав педагог, психолог и одделенскиот наставник Ленче Танчева опсервацијата на првачињата ја вршеше во периодот од 03.05.2021 до 31.05.2021 год. почитувајќи го протоколот за заштита на здравјето и препораките дадени од МОН. Во наредниот период беа изготвени мислења од комисијата, односно кога од ЈЗУ Општа болница – Кавадарци се комплетира документацијата со уредна потврда за вакцинирање.

Од 40 деца обврзници кои ги исполнуваат условите за упис во учебната 2020/21 година, според списокот доставен од Министерство за правда – Управа за водење матични книги, беа запишани 43 деца, и тоа 31 во централното училиште во Росоман, 5 ученици во ПУ Сирково, 4 ученици во ПУ Манастирец, 2 ученици во ПУ Трстеник и 1 ученик во ПУ Паликура. Од списокот, 4 ученици се отселени, а 7 ученици кои ги нема на добиениот список се запишани во централното и подрачните училишта.

### *4. 2.Одбележување на значајни датуми и Денот на училиштето*

Во учебната 2019/20 година, во ООУ „Пере Тошев“ Росоман, одбележани се следните датуми:

- 8ми септември
- 11 октомври
- 23 октомври
- 8ми декември
- 17 декември – Ден на општината
- Одбележан патрониот празник на училиштето со скромен настан

Патрониот празник беше одбележан на 04.05.2021 година со скромна свеченост, согласно препораките заради актуелната пандемија. Беше положено свежо цвеќе од Директорката на училиштето и Градоначалникот на Општина Росоман. Наградата Ученик на генерација оваа учебна година од завршното IX одделение им беше доделена на учениците Марија Димова, Славчо Димотров и Борјан Бошески.

Пофалени за континуиран одличен успех од I до IX одделение беа учениците: Синиша Милков, Влатко Бошев и Катерина Темова.

За покажан особен успех во областа Англиски јазик беше наградена ученичката Ангела Алексиќ, а за покажан успех во музиката на ученикот Бени Шаќири.

До крајот на учебната година редовно се изведуваа родителски средби, одделенски и наставнички совети, а некогаш и по потреба и во согласност препораките и можностите за време на вонредната состојба.

### *4.3. Здравствена заштита на учениците*

Во делот на здравствената заштита, на почетокот на учебната година извршено е осигурување на учениците по желба. Редовно се вршат хигиенските прегледи како и одржување на општата хигиена во училницата. Во соработка со Медицински центар – Кавадарци беа извршени предавања и едукативни работилници за заштита на забите, стоматолошки прегледи според нивната програма за работа. Во март беа одржани едукации за заштита од новиот Корона вирус и Ковид-19 согласно препораките од МОН.

### *4.4. Работа на стручните активи во училиштето*

Стручните активи се состануваа во текот на учебната година по потреба и според планот за работа на стручните активи, а своите активности ги заведуваат во посебни записници.

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВОТ НА ЈАЗИЧНАТА ГРУПА ПРЕДМЕТИ

Активот на јазичната група предмети за учебната 2020/21 не ја реализираше планираната програма за работа во целост, заради новонастанатата ситуација и здравствената состојба во државата, како и начинот на изведување на наставата. Состаноците беа одржувани онлајн, под раководство на претседателот на активот Данча Давчева – наставник по македонски јазик. Сите состаноци беа водени според дневниот ред и сите точки од истиот беа реализирани.
Во текот на учебната 2020/21 учениците учествуваа на училишните и општинските натпревари по македонски, англиски и француски јазик.
Наставничките од активот меѓусебно соработуваа при изработката на годишните, тематските и дневните планирања, како и критеиумите за оценување на учениците, а воедно и споделуваа искуства од посетените семинари и обуки.

Претседател на активот
Данча Давчева
наставник по македонски јазик

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ НА НАСТАВНИЦИ ОД БИОЛОГИЈА, ХЕМИЈА, ИСТОРИЈА И ГЕОГРАФИЈА

Активот на природната група предмети за учебната 2020/21 не ја реализираше планираната програма за работа во целост, заради новонастанатата ситуација и здравствената состојба во државата. Состаноците беа одржувани онлајн, под раководство на претседателот на активот Јана Шепендиева – наставник по биологија. Сите состаноци беа водени според дневниот ред и сите точки од истиот беа реализирани.
Во текот на учебната 2020/21 учениците учествуваа на училишните и општинските, натпревари по биологија и природни науки.
Наставниците од активот меѓусебно соработуваа при изработката на годишните, тематските и дневните планирања, како и критеиумите за оценување на учениците, а воедно и споделуваа искуства од посетените семинари и обуки.

Претседател на активот
Јана Шепендиева
наставник по биологија

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВОТ
Математика – Физика – Информатика

Активот математика - информатика за учебната 2020/21 не ја реализираше планираната програма за работа во целост, заради новонастанатата ситуација и здравствената состојба во државата. Состаноците беа одржувани онлајн, под раководство на претседателот на активот Анита Колева – наставник по информатика. Сите состаноци беа водени според дневниот ред и сите точки од истиот беа реализирани.
Во текот на учебната 2020/21 учениците учествуваа на училишните и општинските, натпревари по математика и информатика
Наставничките од активот меѓусебно соработуваа при изработката на годишните, тематските и дневните планирања, како и критеиумите за оценување на учениците, а воедно и споделуваа искуства од посетените семинари и обуки.

Претседател на активот
Анита Донева Колева
наставник по информатика

### *4.5. Реализрани екскурзии и излети*

Ученичките екскурзии и излети се организираат за проширување и продлабочување на знаењата и умеењата на учениците. На ниво на училиште во оваа учебна година не беа реализирани предвидените наставни екскурзии и излети, за кои беа доставени програми шред почетокот на учебната година и беа предвидени со Годишната програма за работа на училиштето заради актуелната состојба во државата.

## *5. Извештаи од работата на директорот, стручните соработници и Училишен одбор*

### *5.1. Извештај од работата на директорот на училиштето*

Директорот работата ја остваруваше во рамките на законите, задачите и надлежностите кои се утврдени со Статутот и актите на Установата.
Директорот своите работни задачи ги насочуваше кон целосно реализирање на програмските задачи, ја организираше и координираше целокупната воспитно – образовна дејност во училиштето, според условите и актуелната пандемија на светско ниво заради која оваа учебна година за дел од учениците и наставниците се изведуваше онлајн.
Главна цел на директорот во основното училиште во поглед на персоналот беше поттикнување на одговорност на кадарот кон одговорно однесување кон работата, овозможување на стимулативни активности со децата и изразување на креативноста, подобрување на условите за престој на децата во училиштето, создавање на позитивна работна клима во колективот, поттикнување и давање поддршка на тимска работа во новонастанатите услови.
Директорот го водеше училиштето во насока на трансформација и воведување иновации со цел одржување на квалитетот на наставната и целокупното работење на училиштето, притоа почитувајќи ги насоките и протоколите кои ги пропишуваа МОН и Министерството за здравство.

Извештајот за работата на Директорот претставува интегрален дел од Извештајот за работата на училиштето.

Работата на директорот на училиштето се реализираше во рамките на шест програмски подрачја, испланирани со Годишната програма за работа:

- **Планирање и програмирање**
- **Организирање**
- **Раководење**
- **Евалуација и истражување**
- **Педагошко-инструктивната работа**
- **Други работи и работни задачи**

***Во подрачјето Планирање и програмирање се реализираа следниве активности:***

- Изработка на Годишната програма за воспитно-образовната работа на училиштето во 2020/2021 година, поставување на приоритети, цели, активности за оваа учебна година;
- Изработка на Програма за работа на директорот на училиштето.

- Изготвување на распоред на училиштето и распоред на дежурни наставници, како и ред и протокол на влегување н аучениците со физичко присуство;
- Изработка на програма за работа на Наставничкиот совет и програмата за работа на Одделенскиот совет;
- Изработка на проширена програма;
- Планирање на стручно усовршување на наставниот кадар;
- Распределба на часовите, формирање на паралелки за прво и шесто одделение, и други задолженија на наставниот кадар;
- План за уредување на училиштето и училишниот двор;
- План за финансиско работење и план за јавни набавки ;
- Листа на приоритети за набавка на нагледни средства, стручна литература и други материјали во учебната година;
- Листа на приоритети за набавка на потребни хигиенско-технички средства и други материјали;
- Анализа на постигнувањата од претходната учебна година.

***Во подрачјето Организирање се реализираа следниве активности:***

- Организирање на активностите по повод одбележување на Денот на училиштето, активности од општествено-хуманитарен и натпреварувачки карактер;
- Организирање на работата на стручните активи;
- Определување на распоред на работата: распоред на часови за наставата, додатна и дополнителна настава и вонннаставните активности и другите активности;
- Организирање на материјалното, финансиското и административно-техничкото работење на училиштето;
- Организирање на процес на следење и евалуација на наставниот процес.

***Во подрачјето Раководење се реализираа следниве активности:***

- Донесување кадровски решенија и одлуки;
- Донесување одлуки во врска со инфраструктурни зафати;
- Донесување одлуки за одржување на внатрешен ред и дисциплина во училиштето, посебно во насока на зачувување на здравјето на учениците и наставниците;
- Донесување одлуки во однос на секојдневно работење и функционирање на училиштето;
- Планирање, реализација и раководење со одделенскиот и наставничкиот совет.

***Во подрачјето Евалуација и истражување се реализираа следниве активности:***

- Преглед и анализа на годишните глобални и тематските планови за работа на наставниците, додатна, дополнителна, мултикултурализам, ИКТ, слободни активности, еко содржини;
- Преглед и анализа на годишните планови за работа на стручните соработници;

- Преглед и анализа на дневни подготовки на наставниците според планот за евалвација на подготовките;
- Следење на задолжителната, изборната, дополнителната и додатната настава и слободните ученички активности;
- Следење на работата на администртивно-техничкиот персонал;
- Следење на редовноста и дежурствата на вработените;
- Следење на работата на стручните активи. Развивање на педагошка флексибилност меѓу стручните активи за примена на активни методи на работа во наставата;
- Следење на реализација на годишната програма (сите подрачја и програмски содржини).

***Во подрачјето Педагошко инструктивна работа се реализираа следниве активности:***

- Индивидуална педагошко-инструктивна работа со наставниците и наставниците почетници;
- Соработка со учениците и Ученичката заедница;
- Соработка со локалната самоуправа, родители, МОН, БРО, ДИЦ, невладини организации, медиуми;
- Увид во годишните и тематските планирања за работата на наставниците, давање насоки на наставниците;
- Преглед на матичните книги, одделенските дневници и е-дневник;
- Посета и евиденција за посетените часови;
- Запознавање на вработените со законски акти, правилници, кодексот, систематизацијата и други правни акти.

***Во подрачјето Други работи и работни задачисе реализираа следниве активности:***

- Учество во работата на Училишниот одбор;
- Соработка со Советот на родителите;
- Соработка со МОН, ДПИ, ДИЦ, БРО, локалната самоуправа;
- Соработка со други училишта;
- Грижа за законското работење на училиштето при јавни набавки и сл.;
- Проектни активности за претставување и афирмирање на училиштето;
- Работа со ученици.

Целокупната структура на училиштето во координација со директорот како раководен орган на училиштето, најодговорно ги вршеа работните активности за непречно и успешно одвивање на воспитно-образовниот процес и создавање позитивна клима за работа и учење, што е примарна цел на секое основно училиште.

### *5.2. Извештај од работата на училишниот педагог*

Својата програма училишниот педагог ја реазлизираше според можностите и во соработка со Директорот, наставниците, училишниот психолог, учениците и родителите.

Во месец август, 2020 година, педагогот ја изработи сопствената годишна програма, учествуваше во организација на воспитно-образовната работа. Во месец август беа формирани паралелки во I и VI одделение, според одредени критериуми. Училишниот педагог работеше и на:

-запознавање на наставниците од прво одделение со карактеристиките на идните првачиња;

-Прибирање на годишни, глобални и тематски планирања од наставниците, прегледување и укажување на забелешките;

- Водење на педагошка евиденција и хронолошки дневник;

-Водење на професионално досие на наставниците и педагошки картон за работа на наставниците;

- Водење на евиденција за ученици на кои се изрекуваат педагошки мерки;

- Преглед на одделенските дневници во врска со направените прозивници, распоред на часови, и планирани екскурзии и индивидуални разговори со одделенските раководители, во месец септември;

- Присуство на одделенските совети и наставнички совет, учество во изработка на квартални извештаи;

- Преглед на дневни оперативни планови со укажување на забелешките.

- замена за отсутни наставници;

- соработка со стручни институции-локална заедница, Центар за јавно здравје, Центар за социјални работи;

- индивидуални разговори со учениците кои покажуваат неуспех во учењето;

- Соработка со Совет на родители;

- Во месец јуни извршен е упис на првачиња за учебната 2021/22 год., спроведена е опсервација на деца заедно со останатите членови на комисијата.

Во текот на учебната година континуирано беа спроведени индивидуални разговори со проблематични ученици, работа со ученици кои потешко напредуваат во наставата, дисциплина и редовност,и индивидуални разговори со родители.

***5.3. Извештај од работата на училишниот психолог***
***- планирање, програмирање и организирање на воспитно-образовната работа***

Во месец август, училишниот психолог подготви своја програма за работа и учествуваше во подготвувањето на Годишната програма за работа на училиштето.

Во текот на целата учебна година, психологот присуствуваше на одделенските совети и наставничките совети, состаноци на Ученичка заедница и состаноци на Училишен одбор, како претставник од вработените во училиштето.

***- работа со ученици***

Во текот на целата година се следеше прилагоденоста на учениците во прво одделение и во соработка со наставниците во прво одделение се работеше на оптимизирање на процесот на адаптација на учениците на училишната атмосфера, според индивидуалните потреби. Се советуваа учениците и родителите на учениците кои имаа потешкотии со адаптација, особено учениците во прво одделение.

Во текот на целата учебна година редуцирани беа индивидуалните разговори со ученици и родители на ученици со проблематично одесување, ученици кои имаат емоционални потешкотии, потешкотии во учењето кои се резултат на немање мотивација, интерес и сл. заради препораките и протоколите доставени од МОН..

Училишниот психолог беше дел од комисијата за упис на првачиња, која во јуни спроведе опсервација и упис на децата од општина Росоман кои во учебната 2021/22 год. ќе посетуваат прво одделение.

***- соработка со наставници***

Во текот на учебната година, училишниот психолог ги води и ажурира професионалните досиеја на наставниците, во реално време според информациите кои ги доставуваат.

***- соработка со родители***

Активностите поврзани со Програмата за советување на родители се одвиваа според предвиденото, односно по завршување на секое тромесечие, за родителите чии деца имаат по 3 или повеќе негативни оценки, или повеќе од 100 оправдани изостаноци, односно 10 неоправдани изостаноци.

***- аналитичко - истражувачка работа***

Психологот, заедно со училишниот педагог, ги подготвува и презентира извештаите за првото и третото тромесечие, како и полугодишниот и годишниот статистички и текстуален извештај за работата на училиштето. Училишниот психилог учестува во изработката на самоевалуацијата на училиштето и во изработката на Годишна програма на училиштето.

***- соработка со локалната заедница***

Во текот на целата учебна година, училишниот психолог комуницира и доставува податоци до сите релевантни институции. Остварува соработка со Министерство за здравство, Министерство за внатрешни работи – ПС од ОН Кавадарци, ЈЗУ Општа болница – Кавадарци, Биро за развој на образованието, ДПИ, ДИЦ, со локална самоуправа на општина Росоман, со останати училишта од регионот. Училишниот психолог остварува успешна соработка со стручни соработници од општина Кавадарци и присуствува на состаноци на активот.

### *5.4. Извештај од работата на Училишен одбор*

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор, составен од 7 члена согласно Законот за основно образование.

Училишниот одбор ги извршува своите обврски во својата работа со одредено темпо и потреба за свикување на состаноците, предвидени со Годишната програма за работа, но и по потреба.

Во текот на учебната 2020/2021 година, одржани се 7 состаноци и извршени се следните активности на УО:

**Август –** Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2020/21

**Септември –** Разгледување на актуелната состојба, евалуација на условите и барање на училиштето за одржување физичка настава.

**Октомври** – Дополнување и усвојување на Годишниот план за јавни набавки (ставка: набавка на лап топ-преносни компјутери);

**Декември -** Разгледување на пристигнати молби по распишан оглас 04-224/2 од 10.12.2020 год. објавен од страна на ООУ „Пере Тошев“ Росоман; Донесување на Одлука за исплата на патни трошоци на вработените;

**Декември -** Разгледување на пристигнати молби по распишан оглас 04-247/2 од 21.12.2020 год. објавен од страна на ООУ „Пере Тошев“ Росоман;

**Декември-** разгледување на приговор на незадоволен кандидат за работно место наставник;

**Февруари –** Разгледување и усвојување на финансискиот извештај (завршна сметка) за 2020 година; Донесување на Одлука за прифаќање на Пописот за 2020 година.

Изработка:

Анита Јованова – Петрова – училишен психолог Директор

Виолета Јовановска – училишен педагог

М.П. ______________________

Анета Јоновска-Љубенова